TIKVEŠ

SINCE 1885

СООПШТЕНИЕ

# Промени во составот на Управниот одбор на ВВ „Тиквеш“

Скопје, 02.05.2017 – Надзорниот одбор на винарската визба „Тиквеш“ на седницата одржана на 28.04.2017 го констатира известувањето од Игор Илиевски за оставка и ослободување од функциите член на Управниот одбор и генерален директор на ВВ „Тиквеш“ заклучно со 30.04.2017 кое беше поднесено до Надзорниот Одбор на ВВ „Тиквеш“ на 11.04.2017.

Членовите на Управниот и Надзорниот одбор на „Тиквеш“ го потврдија придонесот на Илиевски во остварувањето на досегашните резултати и развојот на ВВ „Тиквеш“.

Истовремено, Надзорниот одбор на ВВ „Тиквеш“ одлучи дека до изборот на нов член на Управниот одбор и генерален директор на ВВ „Тиквеш“ овие функции ќе ги извршува претседателот на Управниот одбор, Светозар Јаневски.

Новата состојба стапува на сила со впишување на промените во Централиот регистер на Република Македонија.